Влада на Република Северна Македонија
Совет за соработка со и развој на граѓанскиот сектор

# ПРЕДЛОГ-ОДЛУКА ЗА НАЧИНОТ НА НОМИНИРАЊЕ ПРЕТСТАВНИЦИ НА ГРАЃАНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ ВО ГЛАВНИОТ КООРДИНАТИВЕН КРИЗЕН ШТАБ

Со Информацијата за преземени мерки од страна на здруженијата и фондациите во справувањето со пандемијата COVID-19 и барање за вклучување на претставници на здруженијата и фондациите во соодветните „антикризни тела“ се предлага граѓанските организации преку своите претставници во Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор или преку претставници избрани од Советот, да бидат вклучени во Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација на органите на државната управа, на правните лица основани од државата, како и на единиците на локалната самоуправа, во врска со спречување, внесување и ширење на Коронавирус COVID-19 (Главен координативен кризен штаб).

Потребно е членовите на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор да се определат за една од двете понудени опции за начинот на кој Советот може да номинира претставници на граѓанските организации во Главниот координативен кризен штаб:

- Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор да номинира претставници од членовите на Советот од редот на граѓанските организации; или

- Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор да номинира претставници на граѓански организации по предлог на член на Советот од редот на граѓанските организации.

Опцијата за која што ќе се определи мнозинството од вкупниот број членови на Советот, при што треба да има мнозинство од вкупниот број членови од редот на организациите, ќе се формулира како предлог-заклучок во Информацијата за преземени мерки од страна на здруженијата и фондациите во справувањето со пандемијата COVID-19 и барање за вклучување на претставници на здруженијата и фондациите во соодветните „антикризни тела“.